# Ф И Н А С И С К И  И З В Е Ш Т А Ј

за период од

01.01.2019 - 30.09.2019

## РЕ ВОДОВОД ОХРИД



*ВД Директор*
*дипл.екк Стефановиќ Светозар*

*Раков. на Финансиски .сектор*
*дипл.екк Несторoски Никола*

## ВОВЕД

Меѓуопштинското Јавно Претпријатие МЈП ПРОАКВА Струга е основано врз основа на Спогодба, заведена под број 07-821/6 од 15.12.1998 во Општина Струга и број 07-793/1 од 15.12.1998 година, заведена во Општина Охрид. Јавното претпријатие се основа со цел да се овозможи интегрирање на примарната и секундарната канализациона мрежа, заштитата на Охридското Езеро и регулирање на водоснабдувањето во една заедничка организација .

По склучувањето на горенаведената Спогодба за основање на МЈП Проаква а потпишана од Општините Струга и Охрид се пристапи кон донесување на Статут на МЈП Проаква и истиот е усогласен согласно одредбите на Законот за Јавни претпријатија. Врз основа на истиот Закон се изврши упис на основање на МЈП Проаква Струга во Регистарскиот Суд - Основниот Суд Битола под бр. 3774/98 од 31.12.1998 година со што е основана МЈП Проаква Струга.

Залагањата за почитување на членот 18 од гореспоменатата Спогодба и Одлуките на Управниот Одбор од 2007 одобрени од Советите на Основачите на МЈП Проаква Струга, МЈП Проаква Струга се реорганизира на работни единици РЕ Водовод Охрид, РЕ Водовод и Канализација Струга и РЕ Колектор со Одлуки за целосно профитно-трошковно работење по единици што резултира и со пооделни Финансиски Биланси по работни единици.

Во 2010 МЈП Проаква се реорганизира на две единици РЕ Водовод Охрид и РЕ Водовод, канализација и Колектор Струга со засебни-соодветни Финансиски Биланси и Извештаи во работењето.

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.1 РЕ Водовод Охрид ги врши следниве активности :

- собирање, пречистување и непрекинато дистрибуирање на вода за пиење и прехранбена вода на домаќинства и индустрија на територијата на Општина Охрид,
- проектирање и изведба на хидроградбени проекти,
- водоводни и колекторски приклучоци на домаќинства и индустрија на територија на Општината Охрид,
- одведување на отпадните води од потрошувачите домаќинства и индустрија приклучени на колекторскиот систем преку одржување на главниот колекторски цевковод на територијата на град Охрид со цел заштита на Охридското Езеро

1.2 Основната дејност РЕ Водовод Охрид ја обавува преку :

- систем за водоснабдување на Охрид
- дел од регионалниот канализационен систем кој се состои од примарен колектор со пумпни станици на територијата на Општина Охрид.

1.3 Според член 11 од Статутот на МЈП Проаква, решение бр. 01-85 од 04.02.1999 година органи на МЈП Проаква Струга се :

- Управен Одбор,
- Одбор за контрола на материјално-финансиското работење ,
- Генерален Директор.

Согласно Одлуките на Управниот Одбор за реорганизација на МЈП Проаква Струга на работни единици РЕ Водовод Охрид и РЕ Водовод, канализација и Колектор, со истите раководат Директори дирекно одговорни на Генералниот Директор.

Во 2010 МЈП Проаква се реорганизира на две единици РЕ Водовод Охрид и РЕ Водовод, канализација и Колектор Струга со засебни-соодветни Финансиски Биланси и Извештаи во работењето.

1.4 Бројот на членовите на Управниот одбор се утврдува на 15, од кои 7 членови именува Советот на Општина Охрид и 8 членови кој ги именува Советот на Општина Струга.

1.5 МЈП Проаква Струга има седиште во Струга на ул. Кеј 8-ми Ноември бб, распоредена во дејност по шифра 36.00 - Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода.
РЕ Водовод Охрид има седиште во Охрид на ул. Наум Охридски бб, Охрид.

1.6. Бројот на вработените во РЕ Водовод Охрид:

| период | редовни | Враб.преку агенција |
|---|---|---|
| 31.12.12 | 261 | 15 |
| 31.01.13 | 280 | 34 |
| 31.12.13 | 276 | 4 |
| 31.12.14 | 267 | 6 |
| 31.12.15 | 268 | - |
| 31.12.16 | 260 | - |
| 31.12.17 | 254 | 1 |
| 30.06.17 | 256 | 3 |
| 31.12.18 | 264 | 5 |
| 30.09.16 | 262 | - |
| 30.09.17 | 255 | 1 |
| 30.09.18 | 268 | - |
| 30.09.19 | 251 | 15 |

1.7 Средствата за работење на РЕ Водовод Охрид ги обезбедува од сопствено работење и тоа од :

- услуги за водоснабдување на домаќинства и индустрија на територија на Општината Охрид.
- проектирање и изведба на хидроградбени проекти,
- услуги во кои спаѓаат водоводни и колекторски приклучоци на домаќинства и индустрија во Општина Охрид.

.

## 2. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА ФАКТУРИРАНА ВОДА И НАПЛАТА

РЕ Водовод Охрид како претпријатие кое е основано за обезбедување на своите потрошувачи со чиста вода за пиење и пречистување на отпадните води опслужува регион во кој живеат преку 50 000 жители според информациите од попис.

Располага со капацитети за опслужување и во услови на зголемена побарувачка за вода која особено се манифестира во летните месеци кога туристичките можности на регионот привлекуваат многу туристи во туристичките капацитети, викенд становите и приватните станоиздаватели.

Изградениот дел од регионалниот канализационен систем за заштита на Охридското Езеро од отпадни води во Општина Охрид овозможува одведување и третман на 95% од отпадните води кои се продуцираат во градот Охрид т.е 85% покриеност на потрошувачите со колектор на ниво на опслужување на РЕ Водовод Охрид.

***Табела. 1, Фактурирана вода во м3, период 01.01-30.09.2019 / 2018***

| М | Вода во М3 домаќинства 2019 | Вода во М3 домаќинства 2018 | 2019/2018 % | Вода во М3 индустрија 2019 | Вода во М3 индустрија 2018 | 2019/2018 % | Вода во М3 ВКУПНО 2019 | Вода во М3 ВКУПНО 2018 | 2019/2018 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 160,375 | 161,152 | *99.52* | 46,303 | 37,007 | *125.12* | 206,678 | 198,159 | *104.30* |
| 2 | 172,556 | 167,270 | *103.16* | 51,590 | 36,503 | *141.33* | 224,146 | 203,773 | *110.00* |
| 3 | 163,171 | 185,453 | *87.99* | 52,933 | 31,605 | *167.48* | 216,104 | 217,058 | *99.56* |
| 4 | 164,490 | 184,345 | *89.23* | 58,365 | 47,672 | *122.43* | 222,855 | 232,017 | *96.05* |
| 5 | 176,505 | 199,142 | *88.63* | 65,334 | 57,581 | *113.46* | 241,839 | 256,723 | *94.20* |
| 6 | 192,327 | 200,031 | *96.15* | 75,999 | 75,109 | *101.18* | 268,326 | 275,140 | *97.52* |
| 7 | 265,646 | 244,372 | *108.71* | 92,947 | 89,391 | *103.98* | 358,593 | 333,763 | *107.44* |
| 8 | 288,695 | 290,297 | *99.45* | 110,463 | 115,432 | *95.70* | 399,158 | 405,729 | *98.38* |
| 9 | 229,618 | 222,126 | *103.37* | 85,272 | 80,388 | *106.08* | 314,890 | 302,514 | *104.09* |
| **ВК** | **1,813,383** | **1,854,188** | ***97.80*** | **639,206** | **570,688** | ***112.01*** | **2,452,589** | **2,424,876** | ***101.14*** |
| кор | -28,502 | -34,747 | *82.03* | -69,862 | -19,704 | *354.56* | -98,364 | -54,451 | *180.65* |
| **НТ** | **1,784,881** | **1,819,441** | ***98.10*** | **569,344** | **550,984** | ***103.33*** | **2,354,225** | **2,370,425** | ***99.32*** |

***График 1, Фактурирана вода во м3, период 01.01-30.09.2019 / 2018***



***Табела. 2, Фактурирана сметка во денари, период 01.01-30.09.2019 / 2018***

| М | Фактурирано во ден ВКУПНО 2019 | 2018 | 2019/ 2018 % |
|---|---|---|---|
| 1 | 12,621,587 | 12,071,305 | *104.56* |
| 2 | 13,718,555 | 12,187,039 | *112.57* |
| 3 | 13,294,022 | 12,581,324 | *105.66* |
| 4 | 13,588,799 | 13,614,283 | *99.81* |
| 5 | 14,832,179 | 15,037,229 | *98.64* |
| 6 | 15,520,120 | 15,947,547 | *97.32* |
| 7 | 20,558,399 | 18,873,096 | *108.93* |
| 8 | 22,752,232 | 23,146,287 | *98.30* |
| 9 | 18,543,362 | 17,424,973 | *106.42* |
| **ВК** | **145,429,255** | **140,883,083** | ***103.23*** |

***Табела. 3, Фактурирана/ наплатена сметка - период 01.01-30.09.2019***

| | **Фактурир/наплат.** домаќинства | | напл/ факт. % | **Фактурир/наплат.** индустрија | | напл/ факт. % | **Фактурир/наплат.** ВКУПНО | | напл/ факт. % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | фактурир. | наплатено | | фактурир. | наплатено | | фактурир. | наплатено | |
| 1 | 8,940,268 | 8,318,649 | *93.05* | 3,681,319 | 1,924,186 | *52.27* | 12,621,587 | 10,242,835 | *81.15* |
| 2 | 9,727,233 | 8,309,059 | *85.42* | 3,991,322 | 2,584,303 | *64.75* | 13,718,555 | 10,893,362 | *79.41* |
| 3 | 9,179,458 | 8,361,686 | *91.09* | 4,114,564 | 3,263,580 | *79.32* | 13,294,022 | 11,625,266 | *87.45* |
| 4 | 9,183,953 | 8,167,221 | *88.93* | 4,404,846 | 2,493,370 | *56.61* | 13,588,799 | 10,660,591 | *78.45* |
| 5 | 9,948,633 | 8,516,787 | *85.61* | 4,883,546 | 2,848,747 | *58.33* | 14,832,179 | 11,365,534 | *76.63* |
| 6 | 10,116,695 | 8,753,728 | *86.53* | 5,403,425 | 4,030,164 | *74.59* | 15,520,120 | 12,783,892 | *82.37* |
| 7 | 13,724,475 | 12,210,216 | *88.97* | 6,833,924 | 3,898,999 | *57.05* | 20,558,399 | 16,109,215 | *78.36* |
| 8 | 14,783,973 | 14,254,570 | *96.42* | 7,968,259 | 3,647,968 | *45.78* | 22,752,232 | 17,902,538 | *78.68* |
| 9 | 12,205,992 | 12,992,795 | *106.45* | 6,337,370 | 5,938,218 | *93.70* | 18,543,362 | 18,931,013 | *102.09* |
| **ВК** | **97,810,680** | **89,884,711** | ***91.90*** | **47,618,575** | **30,629,535** | ***64.32*** | **145,429,255** | **120,514,246** | ***82.87*** |

***График 2, Фактурирано / наплатено - период 01.01-30.09.2019***



***Табела. 4, Наплатена сметка во период 01.01-30.09.2019 /2018***

| | **наплатено** домаќинства | | 2019/2018 % | **наплатено** индустрија | | 2019/2018 % | **наплатено** ВКУПНО | | 2019/2018 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | 2019 | 2018 | | 2019 | 2018 | | 2019 | 2018 | |
| 1 | 8,318,649 | 6,591,950 | *126.19* | 1,924,186 | 2,430,164 | *79.18* | 10,242,835 | 9,022,114 | *113.53* |
| 2 | 8,309,059 | 6,713,360 | *123.77* | 2,584,303 | 1,577,893 | *163.78* | 10,893,362 | 8,291,253 | *131.38* |
| 3 | 8,361,686 | 8,154,406 | *102.54* | 3,263,580 | 2,628,103 | *124.18* | 11,625,266 | 10,782,509 | *107.82* |
| 4 | 8,167,221 | 8,314,007 | *98.23* | 2,493,370 | 2,600,124 | *95.89* | 10,660,591 | 10,914,131 | *97.68* |
| 5 | 8,516,787 | 8,401,393 | *101.37* | 2,848,747 | 3,807,642 | *74.82* | 11,365,534 | 12,209,035 | *93.09* |
| 6 | 8,753,728 | 8,976,867 | *97.51* | 4,030,164 | 3,678,092 | *109.57* | 12,783,892 | 12,654,959 | *101.02* |
| 7 | 12,210,216 | 11,115,728 | *109.85* | 3,898,999 | 5,936,389 | *65.68* | 16,109,215 | 17,052,117 | *94.47* |
| 8 | 14,254,570 | 12,844,433 | *110.98* | 3,647,968 | 5,560,267 | *65.61* | 17,902,538 | 18,404,700 | *97.27* |
| 9 | 12,992,795 | 11,761,591 | *110.47* | 5,938,218 | 4,310,340 | *137.77* | 18,931,013 | 16,071,931 | *117.79* |
| **ВК** | **89,884,711** | **82,873,735** | *108.46* | **30,629,535** | **32,529,014** | *94.16* | **120,514,246** | **115,402,749** | *104.43* |

***График 3. Наплатено во период 01.01-30.09.2019 /2018***




***Табела 5. Фактурирано / наплатено за услуги , период 01.01-30.09.2019 / 2018***

| М | **2019 услуги** | | | **2018 услуги** | | | **2019/2018** | **2019/2018** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***фактур*** | ***наплат*** | ***%*** | ***фактур*** | ***наплат*** | ***%*** | ***фактур*** | ***наплат*** |
| 1 | 730,091 | 1,193,818 | *163.52* | 257,637 | 866,858 | *336.46* | *283.38* | *137.72* |
| 2 | 531,487 | 1,053,736 | *198.26* | 698,270 | 763,170 | *109.29* | *76.11* | *138.07* |
| 3 | 471,847 | 235,025 | *49.81* | 958,530 | 718,826 | *74.99* | *49.23* | *32.70* |
| 4 | 2,015,004 | 1,672,211 | *82.99* | 510,855 | 700,086 | *137.04* | *394.44* | *238.86* |
| 5 | 1,705,812 | 437,602 | *25.65* | 739,467 | 1,475,651 | *199.56* | *230.68* | *29.65* |
| 6 | 945,337 | 1,893,750 | *200.33* | 826,042 | 559,968 | *67.79* | *114.44* | *338.19* |
| 7 | 534,878 | 489,098 | *91.44* | 779,780 | 733,378 | *94.05* | *68.59* | *66.69* |
| 8 | 1,342,021 | 542,541 | *40.43* | 757,860 | 978,993 | *129.18* | *177.08* | *55.42* |
| 9 | 1,488,707 | 518,098 | *34.80* | 813,515 | 440,724 | *54.18* | *183.00* | *117.56* |
| Вк: | **9,765,184** | **8,035,879** | ***82.29*** | **6,341,956** | **7,237,654** | ***114.12*** | ***153.98*** | ***111.03*** |

***Табела 6. Вкупно фактурирано/ наплатено 01.01-30.09.2019 / 2018***

| М | 2019 СЕВКУПНО | | | 2018Севкупно | | | 2019/2018 | 2019/2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | фактур | наплат | % | фактур | наплат | % | фактур | наплат |
| 1 | 13,351,678 | 11,436,653 | 85.66 | 12,328,942 | 9,888,972 | 80.21 | 108.30 | 115.65 |
| 2 | 14,250,042 | 11,947,098 | 83.84 | 12,885,309 | 9,054,423 | 70.27 | 110.59 | 131.95 |
| 3 | 13,765,869 | 11,860,291 | 86.16 | 13,539,854 | 11,501,335 | 84.94 | 101.67 | 103.12 |
| 4 | 15,603,803 | 12,332,802 | 79.04 | 14,125,138 | 11,614,217 | 82.22 | 110.47 | 106.19 |
| 5 | 16,537,991 | 11,803,136 | 71.37 | 15,776,696 | 13,684,686 | 86.74 | 104.83 | 86.25 |
| 6 | 16,465,457 | 14,677,642 | 89.14 | 16,773,589 | 13,214,927 | 78.78 | 98.16 | 111.07 |
| 7 | 21,093,277 | 16,598,313 | 78.69 | 19,652,876 | 17,785,495 | 90.50 | 107.33 | 93.32 |
| 8 | 24,094,253 | 18,445,079 | 76.55 | 23,904,147 | 19,383,693 | 81.09 | 100.80 | 95.16 |
| 9 | 20,032,069 | 19,449,111 | 97.09 | 18,238,488 | 16,512,655 | 90.54 | 109.83 | 117.78 |
| Вк: | **155,194,439** | **128,550,125** | **82.83** | **147,225,039** | **122,640,403** | **83.30** | **105.41** | **104.82** |

Анализата на приложените Табели и Графикони покажува:

- Вкупно фактурирано во м3 вода 01.01-30.09.2019/2018 е на ниво од од 2018.
- Вкупно фактурирано пари (за целосниот состав на сметка на РЕ Водовод Охрид) за период 01.01-30.09.2019/2018 е 103.23%.
- Севкупно фактурирање (за целосниот состав на сметка на РЕ Водовод Охрид + услуги) за период 2019/2018 е 105.41оо%.

- Процент на наплата за 2019 е 82.87% (кај физички 91.90% и кај правни лица 64.32% како однос фактурирано/наплатено 2019 за целосниот состав на сметка на РЕ Водовод Охрид).
- Севкупен % на наплата за 01.01-30.09.2019 (за целосниот состав на сметка на РЕ Водовод Охрид + услуги) е 82.83% како однос фактурирано/наплатено.

Во 2019 ќе продолжат активностите за ажурно фактурирање на количиниите во м3 и во форма на вредноста која истовремено се наплатува преку:
- соодветно ниво на фактурирање на Приходи,
- перманентно ажурирање и осовременување на податоците на корисниците насочено кон фактурирање според состојба на водомер или по Одлука за паушал, се до фактурирање по утврден просек и број на лица кај корисникот согласно позитивните законски прописи.
- постојана анализа на наплата по лица и фирми насочено кон преиспитување на резултатите од наплатата од наплатувачите,
- тековно контролирање на реони,
- натамошно зголемување на наплатата, особено кај фирмите преку:
    - испраќање на картици за неплатен долг,
    - контакт и опоменување на фирми за неплатен долг,
    - активности за исклучување од услуга за водоснабдување,
    - подготовка на предлози за тужење на фирми,
    - натамошно подобрување на наплатата на побарувањата,
- промена на расипани водомери и намалување на бројот на паушали,
- решавање на Приговори со барање за подмирување на долгот од потрошувачите,
- брзо решавање на Приговорите кон лица редовни подмирувачи на сметки,
- помагање на Правниот сектор во процесот на тужење на корисниците кој не ги подмируваат своите обврски,

Во контекст на адекватно ажурни податоци ќе продолжи анализирањето на Програмскиот систем за отчитување на водомерите и поголема контрола во работата на отчитувачите и корисниците на водоснабдување во град Охрид. Активностите се одвиваат тековно.

Активности за зголемување на наплата кај физичките и особено кај правните лица ќе бидат проследени со зајакнување на активностите на:

- службите за спорна наплата
- службата за исклучување од техничкиот сектор и
- правната служба

во поглед на принуден начин на наплата на побарувањата што ги има РЕ Водовод Охрид со интенција за натамошно подобрување на наплатата и подобрување во заштитата на средствата и имотот на РЕ Водовод Охрид и Проаква во целина.

Во активностите на наплата удел има:

- континуираната и навремена наплата на Договорите на рати со потрошувачите
- утужувањето и наплатата на утужените побарувања

што е активност на Правниот сектор во поглед на принуден начин на наплата на побарувањата што ги има РЕ Водовод Охрид што ќе води кон натамошно подобрување на наплатата и во заштитата на средствата и имотот на РЕ Водовод Охрид и Проаква во целина.
За таа цел се воспоставени нови, коректни односи со Нотарите и Извршителите во град Охрид засновани на економска база и меѓусебно почитување и вреднување.

Воедно ке се продолжи со натамошно стимулирање на плаќање од страна на потрошувачите :

- директно (преку сметките) и
- индиректно (со кампања и флаери) промовирање на онлајн-плаќање преку www.evodovod-ohrid.com.mk .

**Н А П О М Е Н А :**
**Извештаите се сочинети согласно тековната состојба на РЕ Водовод Охрид т.е. изземени се прокнижените книжења согласно Делбениот Биланс 30.06.2019 кој се прокнижани под 30.06.2019 во трите Работни единици како активност за поделба со издвојување на Работните Единици во МЈП Проаква која е во тек.**

## 3. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

*Табела 7.* **БИЛАНС НА УСПЕХ во 000 мкд РЕ Водовод Охрид** [1]

| | | 09.2019 | 09.2018 | % | разл | % на учес |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0.1 | Приходи од продажба | 92,432 | 89,238 | 103.58 | 3,194 | 86.02 |
| 0.2 | Оперативни приходи | 7,804 | 4,803 | 162.48 | 3,001 | 7.26 |
| 0.3 | Останати приходи | 4,013 | 4,472 | 89.74 | -459 | 3.73 |
| 0 | **Вкупно оперативни приходи** | **104,249** | **98,513** | 105.82 | 5,736 | 97.01 |
| 1.1 | Материјали,енерг,рез.делови и сит.инв. | -22,732 | -21,141 | 107.53 | -1,591 | 20.55 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | -1,253 | -1,578 | 79.40 | 325 | 1.13 |
| 1.3 | Трош.за тековно одржув. туѓи средства | 0 | 0 | - | 0 | 0.00 |
| 1.4 | Трошоци за осигурување | 0 | -31 | - | 31 | 0.00 |
| 1.5 | Бруто плати | -59,410 | -57,014 | 104.20 | -2,396 | 53.72 |
| 1.6 | Менаџерски плати | 0 | 0 | - | 0 | 0.00 |
| 1.7 | Други услуги | -6,124 | -5,198 | 117.20 | -926 | 5.54 |
| 1.8 | Останати оперативни трошоци | -4,917 | -2,174 | 226.17 | -2,743 | 4.45 |
| 1.9 | Даноци,придонеси и други давачки | -265 | -263 | 100.76 | -2 | 0.24 |
| 1 | **Вкупно оперативни трошоци** | **-94,701** | **-87,399** | 108.35 | -7,302 | 85.63 |
| 2.1 | Амортизација на сопствени средства | -3,162 | -2,886 | 109.56 | -276 | 2.86 |
| 2.2 | Амортизација на грантови | -3,596 | -3,571 | 100.70 | -25 | 3.25 |
| 2 | **Вкупна Амортизација** | **-6,758** | **-6,457** | 104.66 | -301 | 6.11 |
| 3 | **Вкупно операт.и трошоци и амортизација** | **-101,459** | **-93,856** | 108.71 | -7,603 | 91.74 |
| 4.1 | Останати трошоци | -9,137 | -5,420 | 168.58 | -3,717 | 8.26 |
| 5 | **Вкупни трошоци** | **-110,596** | **-99,276** | 111.40 | -11,320 | 100.00 |
| 6 | Финансиски расходи | -1 | -386 | 0.26 | 385 | 0.00 |
| 7 | Финансиски приходи | 3,208 | 2,905 | 110.43 | 303 | 2.99 |
| 8 | **Добивка/Загуба од редовното работење** | **-3,140** | **1,756** | - | -4,896 | - |
| 9 | **Данок на добивка** | **0** | **0** | - | 0 | - |
| 10 | **НЕТО ДОБИВКА/ ЗАГУБА** | **-3,140** | **1,756** | **-** | **-4,896** | **-** |

[1] Сите финансиски извештаи се сочинети во 000 МКД.

0.1 **Приходи од Продажба** Приходот се признава кога постои веројатност од идни приливи на економски добра во претпријатието, кога износот на приходот може со сигурност да се измери и кога е завршен трансферот на ризиците. Приходите од продажба се признаваат во нето износ во моментот на испораката.

| **01. Приходи од продажба** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 65,707 | 65,343 | *100.56* | *364* |
| Индустрија | 26,725 | 23,895 | *111.84* | *2,830* |
| **Вкупно:** | **92,432** | **89,238** | ***103.58*** | *3,194* |
| ***% на учество во Вкупните Приходи*** | **86.02** | **87.99** | | |

**0.2 Оперативни приходи-**Оперативни приходи се приходи од хидроградбени (водоводно-колекторски) инвестирања и услуги на потрошувачите . Овие Приходи се признаваат во нето износ во моментот на испораката или според степенот на извршеност.

| **0.2 Оперативни Приходи** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од хидроградба,водоводни и колекторски приклучоци | 6,654 | 3,668 | *181.41* | *2,986* |
| Други приходи | 1,091 | 1,080 | - | *11* |
| Приходи од прод.на материјали | 4 | 0 | *#ДИВ/0!* | *4* |
| Приход од наемнина | 55 | 55 | *100.00* | *0* |
| **Вкупно :** | **7,804** | **4,803** | ***162.48*** | **3,001** |
| ***% на учество во Вкупните Приходи*** | **7.26** | **4.74** | | |

**0.3 Останати оперативни приходи-**Останати деловни приходи се приходи со помала редовност во појавувањето.

| **0.3 Останати оперативни приходи** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од отпис на обврски | 96 | 489 | *19.63* | *-393* |
| Приходи од вишоци | 2 | 0 | - | *2* |
| Приходи од амортизација на донации | 3,596 | 3,571 | *100.70* | *25* |
| Приходи од добиени судски спорови | 254 | 169 | *150.30* | *85* |
| Останати неспомнати приходи | 65 | 243 | *26.75* | *-178* |
| ***Вкупно:*** | **4,013** | **4,472** | ***89.74*** | *-459* |
| ***% на учество во Вкупните Приходи*** | **3.73** | **4.41** | | |

**1.1 - 1.9 Оперативни трошоци-**Трошоците т.е Расходите се дефинираат како намалување на економските користи за време на пресметковниот период во форма на одливи, намалување или амортизација на средства или стекнување на обврски. Со други зборови расходите вклучуваат трошоци на продадени производи, трошоци потребни да се изврши работењето и трошоци на привлекување и опслужување на корисниците или купувачите.

| **1.1 Материјали енергија, рез.делови и ситен инвентар** | **09.2019** | **09.2018** | **%** | **разл** |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | -5,335 | -5,554 | *96.06* | *-219* |
| Трошоци за енергија | -16,996 | -15,348 | *110.74* | *1,648* |
| Трошоци за резервни делови и м-јали | -328 | -125 | *262.40* | *203* |
| Трошоци за отпис на ситниот инвентар | -73 | -114 | *64.04* | *-41* |
| **Вкупно:** | **-22,732** | **-21,141** | ***107.53*** | *1,591* |
| ***% на учество во Вкупни Расходи*** | **20.55** | **21.21** | | |

| **1.2Трошоци за тековно одржување** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Услуги за одржување и заштита | -1,253 | -1,578 | *79.40* | *-325* |
| **Вкупно:** | **-1,253** | **-1,578** | ***79.40*** | ***-325*** |
| ***% на учество во Вкупни Расходи*** | **1.13** | **1.58** | | |

.

| **1.7 Други услуги** | **09.2019** | **09.2018** | **%** | **разл** |
|---|---|---|---|---|
| Трошоции за транспорт - превоз | -73 | -61 | *119.67* | *12* |
| Поштенски,телефосни и интерн.услуги | -845 | -784 | *107.78* | *61* |
| Наем-лизинг | -85 | -98 | *86.73* | *-13* |
| Комунални услуги | -84 | -88 | *95.45* | *-4* |
| Останати услуги | -4,550 | -3,594 | *126.60* | *956* |
| Банкарски усл.и трош на плат.промет | -487 | -573 | *84.99* | *-86* |
| **Вкупно:** | **-6,124** | **-5,198** | ***117.81*** | *926* |
| ***% на учество во Вкупни Расходи*** | **5.54** | **5.22** | | |

| **1.8 Останати оперативни трошоци** | **09.2019** | **09.2018** | **%** | **разл** |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци за реклама,пропаганда | -70 | -71 | *98.59* | *-1* |
| Останати трошоци на вработени | -3,445 | -300 | *1,148.33* | *3,145* |
| Дневници за службени патувања | -138 | -255 | *54.12* | *-117* |
| Надомест на трошоци на вработени | -195 | -373 | 52.28 | -178 |
| Трошоци за надом на чл на УО и НО | -490 | -483 | 101.45 | 7 |
| Трошоци за спонорста и донации | -62 | -6 | 1,033.33 | 56 |
| Трошоци за репрезентација | -270 | -301 | 89.70 | -31 |
| Останати трошоци на работењето | -247 | -385 | 64.16 | -138 |
| ***Вкупно:*** | **-4,917** | **-2,174** | *226.17* | *2,743* |
| *% на учество во Вкупни Расходи* | **4.45** | **2.18** | | |

| **1.9 Даноци,придонеси и други давачки** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Даноци кој не се завис.од резултат, членарини | -265 | -263 | *100.76* | *2* |
| ***Вкупно:*** | **-265** | **-263** | ***100.76*** | ***2*** |
| ***% на учество во Вкупните Расходи*** | **0.24** | **0.26** | | |

## 2. Амортизација

| **2. Амортизација** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Амортизација на сопствени средства | -3,162 | -2,886 | *109.56* | *276* |
| Амортизација на грантови | -3,596 | -3,571 | *100.70* | *25* |
| **Вкупно:** | **-6,758** | **-6,457** | *104.66* | *301* |
| ***% на учество во Вкупните Расходи*** | **6.11** | **6.48** | | |

## 4. Останати трошоци

| **4. Останати трошоци** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Вредн.усоглас.на побар.во стечај | -618 | -18 | *3,433.33* | *600* |
| Казни,пенали,надомест на штети | -48 | -138 | *34.78* | *-90* |
| Останати расходи од работење | -8471 | -5,264 | *160.92* | *3,207* |
| **Вкупно:** | **-9,137** | **-5,420** | *168.58* | *3,717* |
| ***% на учество во Вкупните Расходи*** | **8.26** | **5.44** | | |

## 6 - 7. Резултат од финансирање нето

Расходите од финансирањето се евидентираат на пресметковна основа. Приходите од камати се евидентира пропорционално на времето што го рефлектира ефективниот принос на средствата. Дивидентите се признаваат кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

| **6.Финансиски расходи** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
|---|---|---|---|---|
| Расходи по основ на затезни камати | -1 | -147 | *0.68* | *-146* |
| Останати финанс.расходи | 0 | -239 | *0.00* | *-239* |
| **Вкупно:** | **-1** | **-386** | *0.26* | *-385* |
| ***% на учество во Вкупните Расходи*** | **0.00** | **0.39** | | ***0.39*** |
| | | | | |
| **7.Финансиски приходи** | **09.2019** | **09.2018** | *%* | *разл* |
| Приходи од камати од неповр.друштва | 3,208 | 2,905 | *110.43* | *-303* |
| **Вкупно:** | **3,208** | **2,905** | ***110.43*** | *-303* |
| ***% на учество во Вкупните Приходи*** | **2.99** | **2.86** | | |

## 6. Даноци

Даноците се пресметуваат согласно позитивните законски прописи на Република Македонија по пат на оданочување на добивката согласно Даночниот Биланс на крај на пресметковна година по општа стапка од 10%.

## 9. Нето Добивка / Загуба

РЕ Водовод Охрид како финансиски резултат заклучно со 30.09.2018 покажува Загуба од 3 140 илјади денари.

*Табела 8.* ***Биланс на Состојба РЕ Водовод Охрид во 000 ден, 01.01-30.09.2019/2018***

| А К Т И В А | 30.09.19 | 30.09.18 | % |
|---|---|---|---|
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **387,798** | **394,854** | ***98.21*** |
| **Нето основни средства** | **383,630** | **389,733** | ***98.43*** |
| *Имот,згради и опрема* | *590,737* | *590,132* | *100.10* |
| *Отпис* | *-207,107* | *-200,399* | *103.35* |
| **Нето нематеријални средства** | **1,617** | **2,570** | ***62.92*** |
| *Нематеријални средства* | *10,691* | *9,684* | *110.40* |
| *Отпис* | *-9,074* | *-7,114* | *127.55* |
| **Долгорочни финансиски средства** | **2,551** | **2,551** | ***100.00*** |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **466,125** | **420,093** | ***110.96*** |
| **Нето залихи** | **21,939** | **21,837** | ***100.47*** |
| *Залихи* | *22,173* | *22,071* | *100.46* |
| *Отпис* | *-234* | *-234* | *100.00* |
| **Побарувања** | **444,186** | **398,256** | ***111.53*** |
| **а) Побарување од купувачи нето** | **343,361** | **318,052** | ***107.96*** |
| *Побарување од купувачи* | *343,629* | *318,320* | *107.95* |
| *Отпис* | *-268* | *-268* | *100.00* |
| **б) Побарув.од државата за даноци** | **1,068** | **1,010** | ***105.74*** |
| **в) Побарувања од РЕ** | **46,566** | **46,701** | ***99.71*** |
| **г) Останати побарувања** | **3,480** | **3,686** | ***94.41*** |
| **д) Готовина и готовин. еквиваленти** | **41,334** | **21,116** | ***195.75*** |
| **АВР** | **8,377** | **7,691** | ***108.92*** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **853,923** | **814,947** | ***104.78*** |
| | | | |
| **П А С И В А** | | | |
| **КАПИТАЛ** | **48,963** | **52,623** | ***93.04*** |
| *Државен капитал* | 241,367 | 241,367 | *100.00* |
| *Акумулирана загуба* | -192,404 | -188,744 | *101.94* |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **129,707** | **135,277** | ***95.88*** |
| *Долгорочни обврски* | 1,577 | 1,699 | *92.82* |
| *Донации- Грантови ПВР* | 128,130 | 133,578 | *95.92* |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **678,393** | **625,291** | ***108.49*** |
| **Обврски спрема добавувачите** | **245,795** | **227,002** | ***108.28*** |
| **Вкупно кредити** | **96,216** | **96,216** | ***100.00*** |
| *Краткорочни кредити МФ* | 96,216 | 96,216 | *100.00* |
| **Вкупно камати** | **14,082** | **14,082** | ***100.00*** |
| *Краткорочни камати МФ* | 14,082 | 14,082 | *100.00* |
| *Крат.Обвр.Опш.Стр (МФ)* | 47,932 | 47,932 | *100.00* |
| **ДДВ обврска и даноци** | **-13** | **354** | ***-*** |
| **Бруто плата вработени** | **6,617** | **6,414** | ***103.16*** |
| **Обврски према РЕ** | **244,365** | **211,235** | ***115.68*** |
| **Однап. пресметан данок на добивка** | **0** | **0** | ***-*** |
| **Останати обврски** | **23,399** | **22,056** | ***106.09*** |
| **Добивка / ( Загуба)** | **-3,140** | **1,756** | ***-178.82*** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **853,923** | **814,947** | ***95.44*** |

*Табела 9. Приходи/Расходи по тромесечија 2019 во 000мкд*

| **Тромесечија** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | 28,787 | 34,451 | 44,219 | | **107,457** |
| **Расходи** | 35,227 | 35,982 | 39,388 | | **110,597** |
| **Бруто добивка** | -6,440 | -1,531 | 4,831 | | **-3,140** |
| **Σ Добивка/ Загуба** | -6,440 | -7,971 | -3,140 | | |

*График 4, Break point Анализа на Приходи и Расходи*




**Break-event point** анализата ја покажува покриеноста на Вкупните Приходи/Вкупните Расходи по тромесечија во нето износ,сезонскиот карактер на врвните приходите и неопходно одржување во зимските месеци по пат на соработка со локалните фондови.

*Табела 11.* **Извештај за паричниот тек (cash flow) во 000мкд**

| | **30.09.19** | ***30.09.18*** | % |
|---|---|---|---|
| Готовина и парични еквиваленти на почеток на период | *28,515* | *8,588* | 332.03 |
| | | | |
| Готовински прилив од купувачи- усл за вода | 128,550 | *115,403* | 111.39 |
| Готовински прилив од купувачи - услуги | 8,036 | *7,238* | 111.03 |
| **Вкупен готовински прилив** | ***136,586*** | ***122,641*** | **111.37** |
| Готовина исплатена на добавувачи,вработени и сл | -100,501 | *-88,213* | 113.93 |
| Платени даноци | -1,778 | *-815* | - |
| Платена камата | 0 | *0* | - |
| Исплатено на Колектор | -18,167 | *-17,161* | 105.86 |
| Исплатено на РЕ Водовод Струга | -1,394 | *-1,532* | - |
| **Паричен тек од оперативни активности** | ***14,746*** | ***14,920*** | **-98.83** |
| | | | |
| набавка на основно средство | -1,927 | *-2,393* | - |
| продажба на основно средство | 0 | *0* | - |
| долгорочен кредит | 0 | *0* | - |
| **Паричен нето тек од вложувачки активности** | ***-1,927*** | ***-2,393*** | **80.53** |
| | | | |
| (Отплата)/ Прилив на заеми и камати | 0 | *0* | - |
| (Отплата)/ Прилив на заеми и камати за РЕ Колектор | 0 | *0* | - |
| **Паричен нето тек од финансиски активности** | ***0*** | ***0*** | **-** |
| | | | |
| **Зголемување/(Намалување) на парични средства** | ***12,819*** | ***12,527*** | **102.33** |
| | | | |
| **Готовина и парични еквиваленти на почеток на период** | ***28,515*** | **8,588** | **332.03** |
| **Готовина и парични еквиваленти на крај на период** | **41,334** | ***15,183*** | **272.24** |
| **Зголемување/(Намалување) на парични средства** | **12,819** | **6,595** | **194.37** |

| | | |
|---|---|---|
| | **В О В Е Д** | *1* |
| **1** | **ОПШТИ ПОДАТОЦИ** | *2-3* |
| **2** | **ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА ФАКТУРИРАНА ВОДА И НАПЛАТА** | *4-8* |
| **3** | **ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ** | *9-14* |
| | **С О Д Р Ж И Н А** | *15* |